This project is financed by the European Union

Kingdom of the Netherlands

# Концептуален документ за Национални работни групи за РЈА

Think for Europe Network
CENTAR ZA EVROPSKE POLITIKE
Project Coordinator
EUROPEAN POLICY CENTRE
European Policy Institute Skopje
Foreign Policy Initiative BH FPI BH
GROUP FOR LEGAL AND POLITICAL STUDIES
institut alternativa
Institute for Democracy and Mediation

## На кратко: Што претставуваат Националните работни групи за РЈА (НРГ)?

НРГ претставуваат национален консултативен механизам за учество на граѓанското општество во дијалогот со релевантните јавни власти за дефинирањето и **следењето на процесите за реформа на јавната администрација (РЈА) во Западниот Балкан (ЗБ).**[1] НРГ се основани во сите земји од Западниот Балкан, како **национален** дел од поширокиот механизам за дијалог за РЈА – **регионалната** Платформа ВеБЕР.[2]




Како составен дел од Платформата ВеБЕР, НРГ ја следи **премисата** на Платформата според која *само со омоќнување на локалните невладини актери и со јакнење на партиципативната демократија на национално и на локално ниво, може да се продолжи со вршење притисок врз владите и натаму да ги спроведуваат често болните и непопуларните административни реформи и во периодот по пристапувањето.* Така, НРГ обезбедуваат дека дијалогот за РЈА ги вклучува сите нивоа на ангажман на граѓанското општество, вклучително и на национално и на локално ниво, преку учество на организации од граѓанското општество во опфатените земји во НРГ. Следејќи ја истата премиса, НРГ на едно место собираат сеопфатна мрежа на организации од граѓанското општество во секоја од земјите, кои ќе учествуваат во дискусиите и консултациите во рамките на сегментот Контролор на РЈА[3], а кои ќе разгледуваат и други прашања релевантни за областа на РЈА во секоја земја.

НРГ ги формираат, управуваат и координираат односните проектни партнери на ВеБЕР и други организации од граѓанското општество од секоја од опфатените земји,

---

[1] Овој Концептуален документ е дел од тригодишниот проект на ВеБЕР (Проект за помош на граѓанското општество во Западниот Балкан за следење на реформата на јавната администрација- ВеБЕР), финансиран од Европската унија и ко- финансиран од Кралството Холандија. Посетете ја интернет страницата на ВеБЕР: http://www.par-monitor.org/.

[2] Од концептуалниот документ на Платформата ВеБЕР: Платформата ВеБЕР е регионална платформа за консултации, водена од граѓански организации од Западниот Балкан (ЗБ), насочена кон одржување на дијалог со јавните власти во земјите од Западниот Балкан за процесот на РЈА- процес кој се одвива едновремено во сите земји од Западниот Балкан. За повеќе информации за Платформата ВеБЕР посетете ја интернет страницата: http://www.par-monitor.org/pages/purpose

[3] Контролорот на РЈА е темелниот елемент на Платформата ВеБЕР и преставува основа за активностите во рамките на Платформата. Тоа е алатка која ги обезбедува сите потребни средства и методологија за независно следење на РЈА од страна на организациите на граѓанското општество во Западниот Балкан. Овој елемент се заснова на придонесот на граѓанските организации, односно материјали кои се засновани на докази, а методологијата на Контролорот на РЈА ги следи во голема мерка Начелата за јавната администрација дефинирани од СИГМА.

кои директно учествуваат во регионалната Платформа ВеБЕР.[4] Во Македонија, улогата на координатор ја има Институтот за европска политика – ЕПИ.

## Суштината: Како функционираат НРГ?

НРГ произлегуваат од **логиката и структурата** на Платформата ВеБЕР (преставена на подолниот графикон), која обезбедува заеднички простор за ангажман за организациите од граѓанското општество во следењето и дијалогот за РЈА, на регионално и национално ниво. Секој национален конзорциум во рамките на Платформата претставува Национална работна група во односната земја, која ги зема предвид специфичните карактеристики на граѓанското општество наспроти достапноста и потребата за застапување и истражување засновано на докази за РЈА. Сепак, главната идеја за основањето на НРГ е да се соберат на едно место што е можно повеќе организации од граѓанското општество и да се создаде сеопфатен кредибилен домашен механизам кој ќе ги претставува мислењата и ставовите на граѓанското општество во дијалогот со јавните власти во процесот на следење на РЈА.

НРГ се отворени за **членство** на сите, а единствените ограничувања се 1) организациите од граѓанското општество да изразат интерес за членство и истите 2) да ги претстават активностите кои ги преземаат како дел од полето на нивното дејствување поврзани со РЈА (доколку организациите од граѓанското општество имаат барам основни искуства во однос на РЈА), или да ја изразат нивната волја да бидат активни на ова поле. Ова се остварува преку Повик за изразување на интерес за зачленување во НРГ.

**Целта** на НРГ е да учествува во дискусиите и консултациите во рамките на Контролорот на РЈА, регионални и национални извештаи за следење на РЈА кои ќе бидат изготвувани како дел од Проектот ВеБЕР, но ќе опфатат и други прашања релевантни за областа на РЈА во секоја земја (на пример дискусии за оценките на СИГМА и Извештаите на ЕК за напредокот на опфатените земји, резултатите од состаноците на Специјализираните групи за РЈА, идентификување на теми за идни заеднички активности, итн.) На состаноците на НРГ исто така ќе учествуваат и претставници на релевантните институции од јавната администрација (првенствено министерствата/органите надлежни за РЈА, но и претставници на други релевантни институции).

НРГ **ќе работат** во склад со основачките документи (меморандум за соработка или слично) соодветен работен план и насоки за дејствување, кои ќе бидат следствено дефинирани и донесени. НРГ ќе се составаат и основаат како активност во рамките на Проектот ВеБЕР. Сепак, нивната работа и дејствување ќе продолжат и по завршувањето на овој проект.

*На графиконот:* Платформата ВеБЕР

[4] Партнерите на ВеБЕР кои го спроведуваат проектот се шест тинк-тенк организации од земјите од Западниот Балкан кои работат на политиките во одредени области, кои се собрани заедно во Мрежата Мисли за Европа (Think for Europe Network)- TEN. Организациите од граѓанското општество од земјите од Западниот Балкан кои го спроведуваат проектот се 1) Центарот за европска политика (ЦЕП), Белград (European Policy Centre (CEP)), 2) Институт за европска политика (ЕПИ), Скопје, 3) Институт Алтернатива (ИА) Подгорица (Institute Alternative (IA)), 4) Институт за демократија и медијација, Тирана ИДМ (Institute for Democracy and Mediation (IDM), Tirana), 5) Група за правни и политички студии (ГППС), Приштина (Group for Legal and Political Studies (GLPS), Pristina) и 6) Иницијатива за надворешна политика (ИНП), Босна и Херцеговина, Сараево (Foreign Policy Initiative BiH (FPI), Sarajevo)




Организациите од граѓанското општество кои ги водат и координираат НРГ (кои исто така се нарекуваат „национални конзорциуми“) се организациите кои истовремено се членки на регионалната Платформа (виде погоре), а тие се:

- Институт за европска политика- ЕПИ, Скопје (Координатор на НРГ и проектен партнер на ВеБЕР),
- Институт за развој на заедницата, ИРЗ, Тетово,
- Центар за управување со промени – ЦУП, Скопје
- Асоцијација за развојни инцијативи – Зенит, Скопје.[5]

Членовите на Платформата во Република Македонија, како и членовите на Платформата од останатите земји, се избрани преку Отворен повик за изразување на интерес.

## Конкретно: Зошто да се зачлените во Платформата ВеБЕР и нејзините НРГ?

[5] Сите членки на Платформата ВеБЕР можете да ги видите на: http://www.par-monitor.org/pages/members.

Особениот карактер на Платформата ВеБЕР и на НРГ формирани во рамките на Платформата наоѓа израз во сеопфатниот приод кој се концентрира на сите нивоа на управување и на градење на партнерства меѓу организациите од граѓанското општество на повеќе нивоа и следствено да се зголеми нивното влијание во следењето на РЈА.

Конкретно НРГ:

- Ги вклучуваат организациите од граѓанското општество во земјата кои се вистински заинтересирани и/или активни во следењето на работа на локалните (општински и под-националани) управи;
- Создаваат можности за организациите од граѓанското општество да ги изградат сопствените капацитети преку обуки и работилници конкретно дефинирани според нивните потреби и преку можна поддршка за примена на Методологијата за следење на РЈА на национално и на локално ниво;
- Создаваат можности за локалните организации од граѓанското општество кои немаат претходно големо искуство во областа на РЈА да го прошират полето на нивно дејствување со активности во оваа област. Затоа сите граѓански организации се поттикнуваат да предложат идеи за проекти и да се пријават за мали грантови за следење на реформата на јавната администрација во нивните земји.

## (Непосредната) иднина: Првите чекори

### Национални консултации и завршување на концептуалните документи

Предлог концептуалните документи за НРГ ќе бидат доставени до организациите од граѓанското општество во секоја земја. Членките на националните конзорциуми во секоја земја потоа ќе бидат поканети да учествуваат во консултациите за овој документ. Резултатите од процесот на консултации ќе се вградат во финалните концептуални документи за формирањето на НРГ.

### Повик за изразување на интерес

По консултациите и финализацијата за концептуалните документи, поканата за организациите од граѓанското општество да се зачленат во НРГ ќе биде доставена преку Повик до организациите од граѓанското општество за изразување интерес за зачленување во НРГ, со главната цел да се создаде сеопфатна мрежа на организации од граѓанското општество, земајќи ги предвид основните капацитети и искуствата на организациите кои се зачленуваат, но пред сè земајќи ги предвид волјата и мотивацијата за учество во процесот на следење на РЈА. Точниот број на учесници во НРГ (и организации - учеснички) ќе го определат националните конзорциуми во секоја од опфатените земји.

### Основање на НРГ

Првите консултативни состаноци на НРГ ќе се одржат во секоја земја, откога ќе се регистрира, односно евидентира членството на организациите од граѓанското општество. Оваа активност ќе вклучи потпишување на документите за основање на НРГ (Меморандум за соработка или сличен документ, во зависност од одлуката на секој национален конзорциум).

### Состаноци на НРГ

По одржувањето на првите основачки состаноци на почетокот на 2017 г., НРГ од секоја земја ќе одржи два дополнителни состанока. Двата состанока ќе имаат консултативен карактер:

- Вториот состанок на НРГ, кој ќе се одржи подоцна во текот на 2017 г., ќе има за цел одржување на полугодишни консултации за напредокот на истражувањето и аналитичката работа за примена на Контролорот на РЈА, координација со проектите и иницијативите на останатите инволвирани граѓански организации кои учествуваат во НРГ, кои се релевантни и кои може да се искористат

како придонес кон Контролорот на PJA, како и да се поразговара за идеи за собирање средства како дополнителна поддршка за Контролорот на PJA и работата на НРГ;

- Третиот состанок на НРГ во 2018 г. во секоја земја ќе се одржи заедно со конечната работна сесија за дефинирање на методологијата за Контролорот на PJA, при што веќе ќе се разговара за предлог националните извештаи.